**Влада на Република Северна Македонија**
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -
Сектор за анализа на политиките и координација

# И З В Е Ш Т А Ј

**за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година**

Скопје, февруари 2021 година

## 1. Вовед

Финансиска одржливост на граѓанскиот сектор е еден од приоритетите на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020). Во 2019 година се зголеми транспарентноста и објективноста при распределбата на средствата наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации. Согласно Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година, Владата на Република Северна Македонија додели 11.690.842,00 денари на 20 граѓански организации, за проекти во 8 приоритетни области, а во работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година учествуваа и два члена на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, во својство на набљудувачи.

## 2. Распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации

На 8 јануари 2019 година Владата на Република Северна Македонија донесе Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година[1]. За реализација на Програмата се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, кој согласно точка 6 од Програмата доставува до Владата извештај за реализација на Програмата со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати.

Во Програмата се предвиде да бидат распределени 12.000.000,00 денари, преку 20 гранта, а висината на грантовите да биде во износ од 600.000,00 денари по грант, со што им се овозможи на здруженијата и фондациите да планираат и поднесуваат проекти со реални активности и да бидат отчетни во однос на наменското трошење на распределените средства. Воедно, со Програмата, Владата на Република Северна Македонија утврди осум приоритетни области за финансиска поддршка на здруженијата и фондациите:

**Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните:**

- создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава;
- унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност;
- зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи;
- развивање на социјалното претприемништво;
- натамошен развој на активниот туризам како потенцијал за силен локален економски развој;
- унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите;
- воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на

[1] "Службен весник на РМ" бр.5/19

општественото живеење, а особено во областа на образованието, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството.

**Република Северна Македонија – членка на НАТО и Европската Унија:**

- промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во Европската Унија преку транспарентност и зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница.

**Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата:**

- одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата, реформи во насока на владеење на правото, изградба на независни институции и зголемување на јавната безбедност.

**Јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа:**

- јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите;
- унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита.

**Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија:**

- приближување на знаењето на учениците/студентите до барањата на пазарот на трудот и унапредување на соработката меѓу високообразовните институции, истражувачките центри, приватниот сектор и јавните институции.

**Реформи во правосудството:**

- создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство и правда достапна до сите.

**Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење на граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување:**

- градење на унитарно, мултикултурно и толерантно општество преку суштинска политичка поддршка со која Република Северна Македонија ќе се гради како граѓанска држава на сите што живеат во неа: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Власи, Роми, Бошњаци и сите други заедници во насока на поголема интеркултурна комуникација и градење на дух на меѓусебно почитување;
- подобрување на состојбата на Ромите.

**Намалување на аерозагадувањето:**

- зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина.

Распределбата на финансиските средства, се спроведе врз основа на член 18 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година[2], во согласност со Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации[3], Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средствата за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Република Македонија[4] и Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година, а врз основа на оглас што Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија го објави во дневните јавни гласила „Нова Македонија" и „Коха" и на веб-страниците www.vlada.mk и www.nvosorabotka.gov.mk на 31 јануари 2019 година.

[2] "Службен весник на РМ" бр. 238/18
[3] "Службен весник на РМ" бр. 130/07
[4] "Службен весник на РМ" бр. 23/09

По објавениот Оглас до Генералниот секретаријат – Одделение за соработка со невладини организации пристигнаа 200 пријави (предлог-проекти) од здруженија и фондации и истите административно беа обработени од страна на Одделението за соработка со невладини организации и доставени до Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата на граѓани и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година. 129 (64,5%) пријави ги исполнува условите од огласот, а во 71 (25,5%) пријава не беа исполнети основните организациски критериуми, не беше доставена потребната документација или пријавата беше доставена по истекот на рокот.

Најголем интерес граѓанскиот сектор пројави за грантови во првата приоритетна област–Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните (92 или 46% од поднесените предлог-проекти), додека пак најмал број предлог-проекти (3 или 1,5%) беа поднесени во шестата приоритетна област-Реформи во правосудството. Во втората приоритетна област-Република Северна Македонија – членка на НАТО и Европската Унија беа поднесени 18 или 9% предлог-проекти, во третата приоритена област-Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата беа поднесени 4 или 2% предлог-проекти, во четвртата приоритетна област-Јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа беа поднесени 16 или 8% предлог-проекти, во петтата приоритетна област-Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија беа поднесени 12 или 6% предлог-проекти, во седмата приоритетна област-Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење на граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување беа поднесени 29 или 14,5% предлог-проекти, а во осмата приоритетна област-Намалување на аерозагадувањето беа поднесени 26 или 13% предлог-проекти.

***Графикон 1: Број на пријавени предлог-проекти по приоритетни области***




Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3.9.2019 година донесе решение за именување претседател и членови на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година. Со цел зголемување на транспарентноста и подобрување на квалитетот на процесот на

распределба, во составот на Комисијата беа именувани и два члена на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.

Комисијата на седницата одржана на 14.9.2019 година формираше Оперативно тело од административни службеници од Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Секретаријатот за европски прашање, кое во периодот 14-19.9.2019 година изврши евалуација на 129 проекти и со Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат подготви Предлог-ранг листа.

Врз основа на Предлог-ранг листата на Оперативното тело и расправата на седницата одржана на 26.9.2019 година, Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година утврди Предлог-одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации.

Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3.10.2019 година донесе Одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации[5], со која додели 20 гранта на здруженија и фондации, во вкупна вредност од 11.690.842,00 денари. Согласно Одлуката, на 18.10.2019 година беа потпишани договори за обезбедување финансиска поддршка со здруженијата и фондациите.

Согласно точка 5 од Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година[6], здруженијата и фондациите – корисници на средства од Буџетот, беа задолжени во рок од 30 дена по завршувањето на програмските активности, односно најдоцна до 30 јуни 2020 година да достават Извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Во согласност со Одлуките за утврдување на постоење на вонредна состојба, почитувајќи ги мерките и препораките на Владата на Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, здруженијата и фондациите на кои им беа доделени средства согласно оваа програма се соочија со потребата од измени во спроведување на проектите. Дел од здруженијата го прилагодија начинот на спроведување на активностите со користење на онлајн комуникациски средства, но дел од здруженијата побараа од Генералниот секретаријат на Владата да се продолжи времетраењето на проектите чии активности се поврзани со образовниот процес во основните и средните училишта, организирање на работилници или кампови за ученици и сл.

Од тие причини, со Програмата за изменување на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година („Службен весник на РСМ“ бр.131/20) се продолжи рокот во кој здруженијата и фондациите треба до Генералниот секретаријат да достават извештај за користење на средствата до 30 ноември 2020 година. На барање на корисниците, потпишани беа шест Анекси кон договорот за обезбедување на финансиска поддршка за продолжување на договорниот период за спроведување на проектите и три Анекси кон договорот за обезбедување на финансиска поддршка поради измена на буџетот на проектот што надминува 25% помеѓу буџетските ставки.

[5] "Службен весник на РСМ" бр.207/19
[6] "Службен весник на РМ" бр.5/19 и "Службен весник на РСМ" бр.207/19

## 3. Начин на користење на распределените средства од страна на граѓанските организации - корисници

Од доделени 20 грантови и вкупно 11.690.842 денари, 848.660 денари (7.26%) не се искористени поради измена на начинот на реализирање на дел од активностите со користење на комуникациски средства или откажување на активности во согласност со мерките и препораките на Владата на Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, еден проект воопшто не е реализиран и овие средства се вратени во Буџетот на Република Северна Македонија..

Според податоците од завршните извештаи, 46,54% од средствата се потрошени за специфични трошоци поврзани со програмата (договори за услуги, публикации, конференции и работилници, комуникациски продукти и сл.), а 34,01% од средствата се потрошени за плати, надоместоци и хонорари за вработените или ангажираните лица на проектите. Податоците покажуваат дека од доделените средства 7,23% се потрошени за патни трошоци (транспорт, хотелско сместување, дневници поврзани со активностите), 5,32% се потрошени за индиректни трошоци (користење канцеларија и др.), а 2,98% од доделените средства се потрошени за канцелариски материјали. 2,09% од доделените средства се потрошени за други директни трошоци (трошоци за комуникација, интернет, банкарски провизии), а 1,88% се потрошени за опрема (ИТ и др.).

***Графикон 2: Преглед на расходи по категории***




## 4. Детален преглед на начинот на трошење на распределените средства

Во продолжение се дава приказ на трошењето на средставата наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, согласно податоците содржани во доставените завршни извештаи на здруженијата и фондациите:

| | |
|---|---|
| 1. Име на здружението: **Здружение за асистивна технологија Отворете ги прозорците, Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Квалитетни услуги за успешна инклузија | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Цел на проектот е да се создадат можности за поквалитетен живот на децата и лицата со попреченост и нивните семејства преку услуги креирани по мерка на корисникот. |
| Активности | - Директна работа со корисници и дневно следење од областа на рана стимулација, асистивна технологија и логопедски третман<br>- Полугодишна евалуација<br>- Советодавно консултативна поддршка на родители<br>- Изработка на ресурси за поддршка на родители. |
| Резултати | - Поддржани се 68 деца со различен тип на попреченост, со една или две комбинирани услуги, најчесто логопед и специјален едукатор.<br>- Изготвен е прирачник со насоки за родители „Отстапување од детскиот развој“, испечатен во 320 примероци. Поради пандемијата со Ковид-19, прирачникот е споделен онлајн и преку имејл до целната група.<br>- Одржани се 4 онлајн работилници, со учество на повеќе од 100 родители. |
| Отстапување од планираните активности | Поради пандемија со Ковид-19, Центарот за асистивна технологија имал прекин само една недела и без пречки продолжил да функционира. Четири работилници се реализирани онлајн преку платформата Webex со учество на 102 родители, а средствата планирани за нивно одржување биле пренаменети за зголемување на тиражот на печатени прирачници и набавка на два лаптопи согласно Анексот кон Договорот за обезбедување на финансиска поддршка бр.25-3/2 од 23.4.2020 година. |
| Времетраење на проектот | ноември 2019 - мај 2020 година |
| Буџет | - Вработени ......................................363.960<br>- Патни трошоци ..................................2.151<br>- Опрема.............................................82.514<br>- Канцелариски материјали ...................3.513<br>- Други директни трошоци..................11.849<br>- Индиректни трошоци.........................41.033<br>- Специфични трошоци .......................94.980<br>- Вкупно ..........................................600.000 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Да, трошоците во финансискиот извештај се во согласност со одобрените средства по буџетски ставки согласно Договорот за обезбедување на финансиска поддршка и Анексот кон Договорот бр.25-3/2 од 23.4.2020 година |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот. Активностите продолжуваат и досега се обезбедени 40% од средствата потребни за работа на Центарот за асистивна технологија во 2021 год. Здружението прави напори до го диверзифицира финансирањето со што ќе продолжи да обезбедува можности за образование и вработување на целната група и ќе осигури подобра инклузија во општеството. |

| | |
|---|---|
| 2. Име на здружението: **Здружение за подршка и развој Хуманост, Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Социјално претпријатие ХуманаС | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Подобрување на социјалните процеси и услови преку обезбедување на професионалана грижа за стари лица, лица со посебни потреби и лица со Алцхајмерова болест и интелектуална попреченост. Обезбедување на |

| | |
|---|---|
| | социјална инклузија и работни места за луѓе со социјален ризик и долгорочно невработени лица. |
| Активности | А1.Информативен состанок за започнување на проектот<br>А2.Отворен повик за 10 учесници во обуката споед посебната верифицирана програма за негуватели/ки за стари лица, алцхајмер деменции и попречености<br>А3.Обука за 10 учесници на 4 месечна обука (теоретска и практична настава) според посебната верифицирана програма за образование на возрасните за стекнување на професионални компетенции за нега во домашни услови<br>А4. Полагање и сертифицирање на учесниците од обуката според посебната програма<br>А5.Информативна сесија со сертифицираните учесници за можностите, начинот на вработување и нивен иден ангажман во социјалните сервиси |
| Резултати | - Спроведена програма за обука со 300 часа и 12 модули, во траење од 4 месеци. Од пријавени 40 кандидати, обучени се и сертифицирани 10 асистенти за нега на лица – алцхајмерова болест и интелектуална попреченост, негуватели/ки за нега во домашни услови или специјализирани центри, кои се стекнаа со професионални вештини и компетенции за испорака на професионална нега кон крајните корисници. Положените кандидати имаат можноста за вработување во Центарот за деменција и алцхајмер.<br>- Набавени се 10 апарати за мерење на крвен притисок, 10 ранци, 10 маици, 10 топломери и 20 маски. |
| Отстапување од планираните активности | Поради пандемијата со Ковид-19, теоретските и практични предавања на обуката и завршниот испит се организирани онлајн. |
| Времетраење на проектот | 20.10.2019 - 20.6.2020 година |
| Буџет | - Вработени ..................................148.348<br>- Патни трошоци ....................................0<br>- Опрема .........................................16.000<br>- Канцелариски материјали .............56.000<br>- Други директни трошоци ..............41.652<br>- Индиректни трошоци ....................88.000<br>- Специфични трошоци..................250.000<br>- Вкупно ........................................600.000 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Да, трошоците во финансискиот извештај се соодветно класифицирани по структура и во рамки на одобрените средства по буџетски линии |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот. Социјалното претпријатие ХуманаС ќе биде одржливо преку промовирање на услуги на локално и национално ниво. Општина Центар ја субвенционира професионалната грижа на граѓаните на општината која се испорачува во нивните домови, а во иднина се очекува ваква соработка и со општините Струмица и Демир Капија. |

| | |
|---|---|
| 3. Име на здружението: **Асоцијација за здравствена едукација и истражување ХЕРА, Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Зајакнување на капацитетите на Агенцијта за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија за развој на социјалното претприемништво | |
| Висина на грант: 599.950 денари | |
| Цел на проектот | Да се создаде поволна клима за развој на социјалното претприемништво во Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна |

| | |
|---|---|
| | Македонија (АППРСМ), да се вклучат социјалните бизниси како засебна целна група на Агенцијата и да се создаде мрежа од експерти и организации кои ќе го промовираат социјалното претприемништво, ќе потикнуваат партнерства и ќе даваат поддршка во развој на новите социјални бизниси. |
| Активности | - Проценка на капацитетите и потреби на АППРСМ во однос на социјалното претприемништво<br>- Обука за екосистемот за социјални претпријатија во Република Северна Македонија и модели на социјални претпријатија<br>- Работилница за изработка на развоен план на АППРСМ за воведување на социјалното претприемништво во Програмата за работа на АППРСМ<br>- Обука за социјално претприемништво на менторската мрежа на АППРСМ<br>- Промоција на социјалното претприемништво како алатка од јавен интерес. |
| Резултати | - Подготвена Проценка на капацитетите и потребите на АППРСМ во однос на социјалното претприемништво и испечатена во 100 примероци, препораките се презентирани на вработените, обучени се 60% од вработените на клучни позиции во Агенцијата кои можат да направат понатамошна промена.<br>- Спроведена е една работилница за изработка на развоен план на АППРСМ за воведување на социјално претприемништво во програмата за работа на Агенцијата.<br>- Спроведена е тродневна обука за социјално претприемништво на менторска мрежа на АППРСМ, обучени се 8 ментори.<br>- Дизајнирани 6 електронски банери и промовирани на социјални медиуми.<br>- Дизајнирани електронски Инфо лист и Инфо весник.<br>- Испечатени 100 примероци од Џебен прирачник за социјално претприемништво. |
| Отстапување од планираните активности | На 1.6.2020 година потпишан е Анекс кон Договорот за обезбедување на финансиска поддршка бр.25-19/2, со кој договорниот период за спроведување на проектот е продолжен до 30.11.2020 година, поради одложување на спроведувањето на активности согласно мерките и препораките на Владата за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19. Во текот на проектот два пати имало промена на директорот на АППРСМ, а со тоа и потреба од повеќекратно застапување за спроведување на проектот. Бил потпишан Меморандум за соработка, но поради обемот на работа и малиот тим на вработени во Агенцијата, активностите често биле одложувани. Голем дел од активностите се спроведени online, што предзвика мали промени во буџетот, во делот на специфични трошоци. |
| Времетраење на проектот | 18.10.2019 - 30.11.2020 година |
| Буџет | - Вработени ...................................180.000<br>- Патни трошоци .............................12.000<br>- Опрема................................................ 0<br>- Канцелариски материјали .............56.625<br>- Други директни трошоци..................... 0<br>- Индиректни трошоци......................40.000<br>- Специфични трошоци .................266.678<br>- Вкупно ........................................555.303 |

| | |
|---|---|
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Финансискиот извештај содржи аритметички грешки и нецелосна документација како доказ за трошење на средствата. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Влучените во проектот од Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија и менторската мрежа искажаа задоволство од процесот на проверка и градење на нивните капацитети. Развиениот Акциски план е основа за продолжување на нивната активност во спроведување на Стратегијата за социјано претприемништво и начин како да се следи нивниот напредок во остварување на целите. Изработениот Џебен прирачник за социјално претприемништво е корисен материјал за вработените на АППРСМ и менторската мрежа. |

| 4. Име на здружението: **Коалиција на младински организации СЕГА, Прилеп** | |
|---|---|
| ПРОЕКТ: Младите и европските вредности | |
| Висина на грант: 599.460 денари | |
| Цел на проектот | Зајакнати капацитети на младинските организации во Република Северна Македонија во согласност со европските трендови и практики кон подобрување на благосостојбата на младите |
| Активности | Подготвителни активности и промоција на проектот<br>- Раководење со проектот<br>- Публикување на промотивни материјали за видливост на проектот (банер)<br>- Промоција на проектните активности и резултати на веб страна, социјални мрежи и медиуми<br>- Анализа на потребите на младите во поглед на примената на европските вредности во нашето општество<br>- Организирање панел дискусија<br>Јакнење на капацитетите на младинските организации<br>- Повик и селекција на учесници од младински организации за учество на обука<br>- Развивање на методологијата за спроведување на обука за методи за промоција на европските вредности врз младите во согласност со европските трендови и практики<br>- Обука за примена на европски практики и трендови во работењето на младинските организации<br>- Менторска поддршка за развивање на програми за промоција на европски вредности<br>Активности за промоција на европските вредности меѓу младите<br>- Организирање работилници за дискутирање на Европските вредности<br>- Организирање Кафе средби-дебати<br>- Завршна конференција за промоција на резултатите |
| Резултати | - Идентификувани се потребите на младите во поглед на примената и придобивките на европските вредности<br>- Зајакнати се знаењата и вештините на 10 младински организации за интегрирање на европските практики и трендови во своето организациско и програмско работење.<br>- Реализирани кафе средби-дебати со 148 учесници<br>- Реализирани работилници и панел дискусии со 156 учесници<br>- Финализиран акциони планови<br>- Одржана завршна онлајн конференција со 43 учесници за промоција на резултатите и постигнувањата од проектот. |

| | |
|---|---|
| | - Информации за проектот се објавени во 9 медиуми. |
| Отстапување од планираните активности | На 22.5.2020 година потпишан е Анекс кон Договорот за обезбедување на финансиска поддршка бр.25-18/3, со кој договорниот период за спроведување на проектот е продолжен до 15.11.2020 година, поради одложување на спроведувањето на јавни настани предвидени со проектот (завршна конференција, работилници и дебати со учество на средношколци, студенти, младински организации), согласно мерките и препораките на Владата на Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19. Завршната конференција е организирана onlıne со соодвени модификации во буџетот на проектот, за што навреме е доставено известување. Промените при имплементацијата на проектот не влијаеа на постигнување на планираните цели и резултати. |
| Времетраење на проектот | 18.10.2019 - 15.11.2020 година |
| Буџет | - Вработени ..................................272.000<br>- Патни трошоци .............................25.470<br>- Опрема..................................................0<br>- Канцелариски материјали .................... 0<br>- Други директни трошоци................5.780<br>- Индиректни трошоци.....................34.870<br>- Специфични трошоци .................261.365<br>- Вкупно .......................................599.485 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Да, доставена е детална финансиска документација |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот, зајакнати се капацитетите на младинските организации на локално ниво, во согласност со европските трендови и практики. Предложениот пристап и методологија соодветствува со тековните потреби на младинските организации. |

| | |
|---|---|
| 5. Име на здружението: **Здружение Младински сојуз, Крушево** | |
| ПРОЕКТ: Европски вредности за иднината на Југоисточна Европа | |
| Висина на грант: 599.766 денари | |
| Цел на проектот | Промоција и приближување на европските вредности до младите луѓе стремејќи се кон нивно активно вклучување во евроинтегративните процеси на земјата и регионот. |
| Активности | - Подготвителен состанок<br>- Кампања за промоција на конференцијата<br>- Објавување на отворен повик за учество на конференцијата<br>- Подготвување на методологијата и програмата за конференцијата<br>- Контактирање и подготовка на говорниците, модераторите и фасцилитаторите<br>- Изработка на визуелниот идентитет за конференцијата<br>- Избор на визуелниот идентитет за конференцијата<br>- Организација на конференција<br>- Организирање на настан за презентирање на сетот на политики и мерки пред носителите на одлуки<br>- Дисеминација на сетот на политики и мерки |

| | |
|---|---|
| | - Интерактивни презентации |
| Резултати | Зголемените знаења и капацитети на младите, добиени во текот на конференцијата вклучително и обезбедените можности за вмрежување со локални, национални и меѓународни релевантни актери, обезбедија добра основа за развој на сериозен документ во кој е преточена визијата на младите од ЈИЕ. На конференцијата, учесниците поддржани од мрежата на активисти беа фокусирани на креирање на документ кој придонесува кон унапредување на вистинското разбирање на процесот на проширување на ЕУ во нивните локални заедници, развивање значителна перспектива во врска со нејзиниот иден курс и за тоа како европските вредности и клучните критериуми на ЕУ за членство можат да влијаат на состојбата на младите во регионот. |
| Отстапување од планираните активности | На 22.5.2020 година потпишан е Анекс кон Договорот за обезбедување на финансиска поддршка бр.25-14/3, со кој договорниот период за спроведување на проектот е продолжен до 15.11.2020 година, поради одложување на спроведувањето на јавни настани предвидени со проектот (тркалезни маси и интерактивни презентации), согласно мерките и препораките на Владата за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19. На 3.11.2020 година потпишан е втор Анекс кон Договорот за обезбедување на финансиска поддршка бр.25-14/5, за пренамена на средства во рамките на буџетот на проектот, поради организирање на 18. Меѓународна младинска конференција во вид на онлајн настан. Промените при имплементацијата на проектот не влијаеа на постигнување на планираните цели и резултати. |
| Времетраење на проектот | 18.10.2019 - 15.11.2020 година |
| Буџет | - Вработени ............................110.422<br>- Патни трошоци ...............................0<br>- Опрема....................................43.450<br>- Канцелариски материјали ........15.374<br>- Други директни трошоци..........25.500<br>- Индиректни трошоци................17.200<br>- Специфични трошоци ...........387.820<br>- Вкупно ...................................599.766 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Да, доставена е детална финансиска документација. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот, преку промоција и приближување на европските вредности до младите луѓе и организирање на 18-та годишна Меѓународна младинска конференција. |

| | |
|---|---|
| 6. Име на здружението: **Црвен крст на Република Северна Македонија, Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Борба против трговија со луѓе | |
| Висина на грант: 596.496 денари | |
| Цел на проектот | Да се подобри превенцијата на трговијата со луѓе во земјата, преку надградба на капацитетите за подигање на свеста на младата популација за сите форми на трговија со луѓе, да се зајакне капацитетот на Црвениот крст на Република Северна Македонија да се обезбеди адекватна превенција на |

| | |
|---|---|
| | трговијата со луѓе меѓу младата популација, воспоставување на мрежа на врснички едукатори меѓу 6 општински организации на Црвениот крст и да се подигне свеста за трговијата со луѓе меѓу 1200 ученици од основните и средните училишта. |
| Активности | - Информативни материјали за подигање на свест<br>- Избор на учесници<br>- Организирање на две четири-дневни тренинг работилници за врснички едукатори за трговијата со луѓе за вкупно 30 волонтери од 6 општински организации<br>- Координативен состанок<br>- Работа на терен-одржување на работилници во основни и средни училишта како и во клубовите на млади<br>Евалуациски состанок |
| Резултати | - Отпечатени се 16 000 едукативни флаери (12 000 на македонски и 4 000 на албански јазик), кои содржат основни информации за трговија со луѓе, најчести облици и препораки за превенција и заштита.<br>- Организирани се две четиридневни тренинг работилници, на кои се обучени 30 врснички едукатори-волонтери, по 5 од 6 града (Кочани, Кичево, Куманово, Битола, Прилеп и Ресен) и уште 12 волонтери од 4 града (Кавадарци, Гостивар, Струмица и Охрид) на дополнителната работилница. |
| Отстапување од планираните активности | На 22.5.2020 година потпишан е Анекс кон Договорот за обезбедување на финансиска поддршка бр.25-16/3, со кој договорниот период за спроведување на проектот е продолжен до 15.11.2020 година и изршени се измени во буџетот на проектот. Согласно мерките за спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19, Активноста 6: Работа на терен-одржување на работилници во основни и средни училишта, како и во клубовите на млади не е реализирана, а за сметка на тоа, организирана е дополнителна работилница за врснички едукатори за волонтери од ООЦК Кавадарци, Гостивар, Струмица и Охрид. |
| Времетраење на проектот | 18.10.2019 - 15.11.2020 година |
| Буџет | - Вработени ...................................... 0<br>- Патни трошоци .....................454.608<br>- Опрема............................................0<br>- Канцелариски материјали ............... 0<br>- Други директни трошоци .............. 0<br>- Индиректни трошоци...................... 0<br>- Специфични трошоци ............141.888<br>- Вкупно ..................................596.496<br>Вкупниот буџет на проектот е 725.496 денари, од кои 129.000 денари се учество на корисникот. |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Да |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целите на проектот во голем дел се постигнати, преку едукативни тренинзи за врсничка едукација за трговија со луѓе обучени се 30 волонтери од општинските центри на Црвениот крст Кочани, Кичево, Куманово, Битола, Прилеп и Ресен и дополнителни 12 волонтери од Кавадарци, Гостивар, Струмица и Охрид, кои ќе можат да ги пренесуваат своите знаење на нивни врсници преку едукативни работилници во основните и средните училишта |

| | |
|---|---|
| | во овие градови. Во коориднација со директорите на училиштата, ќе бидат организирани online работилници кон крајот на учебната 2020/2021 година |

| | |
|---|---|
| 7. Име на здружението: **Здружение на Лезбејки, Геј, Бисексуалци/ки и Трансексуалци/ки ЛГБТ Јунајтед, Тетово** | |
| ПРОЕКТ: Зајакнување на соработката и довербата помеѓу ЛГБТИ заедницата и локалните самоуправи | |
| Висина на грант: 411.637 денари | |
| Цел на проектот | Зајакната соработка и зголемена доверба помеѓу ЛГБТИ Заедницата и локалните самоуправи во Тетово, Гостивар, Кичево, Струга и Дебар која ќе придонесе кон поголемо зајакнување и застапување за правата на ЛГБТИ Заедницата и намалување на јазот помеѓу институциите и ЛГБТИ Заедницата. |
| Активности | -Фокус група за припадниците на ЛГБТИ заедницата од Тетово<br>-Фокус група за припадниците на ЛГБТИ заедницата од Гостивар<br>-Фокус група за припадниците на ЛГБТИ заедницата од Кичево<br>-Фокус група за припадниците на ЛГБТИ заедницата од Струга<br>-Фокус група за припадниците на ЛГБТИ заедницата од Дебар<br>-Фокус група со вработени на локална самоуправа во Тетово<br>-Фокус група со вработени на локална самоуправа во Гостивар<br>-Фокус група со вработени на локална самоуправа во Кичево<br>-Фокус група со вработени на локална самоуправа во Струга<br>-Фокус група со вработени на локална самоуправа во Дебар<br>-Дводневна обука за 30 припадници на ЛГБТИ заедницата од Тетово, Гостивар, Струга, Кичево и Дебар. |
| Резултати | За прв пат во Тетово, Гостивар, Кичево, Струга и Дебар се организирани фокус групи за вработените во локалните самоуправи (25 учесници) и фокус групи за припадниците на ЛГБТИ Заедницата (30 учесници). Фокус групите, придонесоа кон зајакнување на соработката и довербата помеѓу ЛГБТИ Заедницата и локалните самоуправи на овие градови и се подигна свеста за предизвиците и проблемите со кои се соочуваат припадниците на Заедницата.<br>На дводневна обука, 30 припадници на ЛГБТИ заедницата од Тетово, Гостивар, Струга, Кичево и Дебар, стекнаа вештини и добија информации како да делуваат на локално ниво, како и каде да пријавуваат насилство, дискриминација и говор на омраза. |
| Отстапување од планираните активности | Поради пандемијата со Ковид-19 во извештајот е наведено дека фокус групите за припадниците на ЛГБТИ заедницата и за вработени во локална самоуправа во Кичево и Дебар, како и дводневната обука за 30 вработени во локалните самоуправи во Тетово, Гостивар, Кичево, Струга и Дебар биле организирани online. Планираната активност печатење на брошура не е реализирана. |
| Времетраење на проектот | 18.10.2019 - 20.6.2020 година |
| Буџет | - Вработени .................................348.403<br>- Патни трошоци ...........................32.358<br>- Опрема ............................................. 0<br>- Канцелариски материјал ............12.000<br>- Други директни трошоци .............4.000<br>- Индиректни трошоци ........................ 0<br>- Специфични трошоци........................ 0<br>- Вкупно .....................................396.770<br>Неискористените средства во висина од 14.867 денари се вратени во |

| | |
|---|---|
| | Буџетот на Република Северна Македонија, со налог за извршена уплата на 22.12.2020 година. |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставената документација е нецелосна. При спроведување на проектот извршена е пренамена на средства помеѓу буџетски ставки што надминува 25%, за тоа не е известено и не е потпишан Анекс кон договорот за обезбедување на финансиска поддршка. 85% од доделената финансиска поддршка (348.403 денари) се искористени за плати и придонеси и даноци од плати, а како доказ е приложен договор за вработување од 1.7.2019 г. Согласно Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во овие ставки во буџетот на проектот не се предвидени средства. Збирот на реализирани трошоци наведени во наративниот дел на завршниот извештај е 396.770,00 денари, неискористените 14.867 денари се вратени на 22.12.2020 година.. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Преку активностите планирани во овој проект се придонесе кон зајакнување на соработката и довербата помеѓу ЛГБТИ Заедницата од Тетово, Гостивар, Кичево, Струга и Дебар и локалната самоуправа во овие градови. Обуката беше со фокус на припадниците на ЛГБТИ Заедницата кои се од немнозинските заедници, а учесниците стекнаа вештини и добија информации како да делуваат на локално ниво, како и каде да пријавуваат насилство, дискриминација и говор на омраза. Преку обуката вработените од локалната самоуправа станаа по сензибилизирани и добија знаења за ЛГБТИ тематиката. |

| | |
|---|---|
| 8. Име на здружението: **Прва детска амбасада во светот Меѓеши, Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Транснационална коалиција на граѓански организации на Југоисточна Европа за заштита на жени и деца од трговија со луѓе и родово базирано насилство СТОП | |
| Висина<br>на грант: 594.557 денари | |
| Цел на проектот | Да се унапредат човековите права и да се зајакнат капацитетите на институциите за нивна ефикасна заштита, да се зајакне мрежното поврзување на граѓанските организации и државните институции со цел да се олесни размената на знаења и вештини истовремено зголемувајќи ги нивните вештини за борбата против трговијата со луѓе и родово базираното насилство. |
| Активности | - Студиска посета за четворица претставници од надлежните државни институции во Шведска;<br>- Регионален форум за борба против трговијата со луѓе во Албанија, со учество на 10 претставници од националните институции од Република Северна Македонија<br>- Одбележување на денот на ЕУ за борба против трговијата со луѓе<br>- Три дебати во Скопје на кои ќе се разгледува Регионалниот документ за политики и ќе се изготвуваат препораки за негово надоградување.<br>- Настан за грантисти - во рамките на програмата е предвидено да се прави суб-грантирање за граѓански организации кои ги имаат поминато обуките за јакнење на нивите капацитети. |
| Резултати | Проектот не е реализиран |
| Отстапување од планираните активности | Проектот не е реализиран. На 21.1.2020 година, корисникот достави барање бр.0306/28 за измени во проектните активности и буџетските линии, со образложение дека пред крајот на 2019 година биле информирани дека регионалниот проект “Транснационална коалиција на граѓански организации на југоисточна Европа за заштита на жени и деца од трговија со луѓе и родово базирано насилство – СТОП” се прекинува. Генералниот |

| | |
|---|---|
| | секретаријат на Владата на 29.1.2020 година достави известување до корисникот дека не ги одобрува бараните измени согласно член 10 ставови 6 и 7 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, бидејќи значително се менува природата на проектот и би имало влијание на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации или на начелото на еднаков третман на останатите пријавени на Огласот за финансиска поддршка или корисници на средства. |
| Времетраење на проектот | Проектот не е реализиран |
| Буџет | Согласно член 9 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, доделените средства во висина од 594.557 денари се вратени во Буџетот на Република Северна Македонија на 7.9.2020 година |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставен е заверен вирман за враќање на доделените средства |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Проектот не е реализиран |

| | |
|---|---|
| 9. Име на здружението: **Асоцијација за Демократски Развој на Ромите СОНЦЕ, Тетово** | |
| ПРОЕКТ: Од акција до еднакви права на Ромите | |
| Висина на грант: 599.519 денари | |
| Цел на проектот | Поттикнување на поголемо и поефективно учество на ромската заедница во Република Северна Македонија во одлуките кои влијаат на нивните животи со цел влијанието врз креирањето на политиките да придонесе кон намалување на дискриминацијата со која се соочуваат. Зајакнати капацитети и партнерство преку консултации и соработка меѓу ромските медијатори, граѓанските организации, правната заедница и властите на локално и национално ниво, така што тие да можат поефикасно заедно да работат во адресирање на дискриминацијата со која се соочува ромската заедница. |
| Активности | - Дводневна подготвителна средба на Мрежата за застапување на правата на Ромите<br>- Национална тркалезна маса за застапување пред државните институции<br>- Обука за зајакнување на капацитетите на локалните актери.<br>- Средба за вмрежување и стратешко поврзување на Мрежата за застапување на правата на Ромите<br>- Координативна средба за застапување на меѓународно ниво на Мрежата за застапување на правата на Ромите |
| Резултати | - Една антидискриминациска мрежа е воспоставена со голем број на учесници меѓу кои и про-боно група адвокати, ромски медијатори, граѓански организации кои работат во областа на човекови права, меѓународни организации и Народен правобранител. Ажуриран е годишен план на застапување на Мрежата за 2019. Изготвена Нацрт излезна стратегија за Мрежата.<br>- Една стратешка средба за вмрежување е организирана со цел учесниците да се сретнат и да разменат идеи и искуства, како и да ги координираат своите активности. |

| | |
|---|---|
| | - Една координативна средба за меѓунардно застапување е организирана да се актуелизираат прашањата за дискриминација на меѓунардно ниво и како алатка на малцинските активисти да ги постават своите проблеми на меѓунардно ниво.<br>- Една заедничка кампања за застапување преку широк спектар на активности<br>- Една тркалезна маса е организирана со 56 учесници (членови на мрежата и други национални, меѓународни соработници, медиуми, и државни институции (МТСП, МТВ, МЗ, МОН, МЛС и др.), министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на статусот на Ромите, како и претставници на меѓународни институции (ЕУ и Совет на Европа). |
| Отстапување од планираните активности | Нема |
| Времетраење на проектот | 18.10.2019 – 17.04.2020 година |
| Буџет | - Вработени .........................................0<br>- Патни трошоци .................................0<br>- Опрема ..............................................0<br>- Канцелариски материјал ....................0<br>- Други директни трошоци....................0<br>- Индиректни трошоци .........................0<br>- Специфични трошоци .............599.519<br>- Вкупно.................................... 599.519<br>Вкупната вредност на проектот е 1.131.177 денари, од кои 531.638 денари се учество на корисникот. |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Да |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот. АДРР Сонце ќе продолжи да ја води Мрежата за застапување на правата на Ромите, да иницира поднесување на извештаи од сенка на меѓународно ниво користејќи ги достапните механизми на ООН и да ги документира нарушувањата на човековите права и дискриминација пријавени од страна на членовите. |

| | |
|---|---|
| 10. Име на здружението: **Здружение за дислексија Ајнштајн, Скопје** | |
| ПРОЕКТ: E-learning за дислексија | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Овозможени инклузивни образовни услови за учениците со дислексија преку примена на иновативни информатички технологии за едукации. |
| Активности | - Креирање на 4 модуларни онлајн обуки за дислексија „E-learning"<br>- Креирање на онлајн платформа<br>- Презентација на онлајн обуката низ 26 основни училишта на територијата на општините Карпош, Кисела Вода и Аеродром<br>- Спроведување на онлајн курс со наставниците и евалуација на завршени обуки |
| Резултати | - Креирана е онлајн обука за дислексија во 4 модули од страна на експерти за потешкотии во учењето и 4 тестови за проценка на знаењата врз основа на подготвените модули. |

| | |
|---|---|
| | - Креирана е едукативна веб платформа www.disleksija.mk<br>- Онлајн обуката беше презентирана низ 26 училишта на територија на општина Карпош, Кисела Вода и Аеродром, преку состаноци со градоначалниците на општините и наставниот кадар.<br>- Вкупно 798 наставници се стекнаа со вештини за препознавање, работа и психолошка поддршка на учениците со дислексија, што претставува 198 наставници повеќе од предвидениот број со проектот. |
| Отстапување од планираните активности | Поради пандемијата со Ковид-19, а согласно препораките на Владата последната активност на проектот "Организирање на завршна конференција'' е откажана. Средствата наменети за организирање на настанот се пренаменети за превод на курсот на албански јазик |
| Времетраење на проектот | 18.10.2019 – 20.06.2020 година |
| Буџет | - Вработени............................ 174.000<br>- Патни трошоци ....................... 12.500<br>- Опрема ........................................... 0<br>- Канцелариски материјал .............6000<br>- Други директни трошоци ................ 0<br>- Индиректни трошоци ................39.600<br>- Специфични трошоци ............357.706<br>- Вкупно.................................. 589.806<br>Неискористените средства во висина од 10.194,00 денари се вратени во Буџетот на Република Северна Македонија, со налог за извршена уплата на 26.06.2020 година. |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Да, доставена е уредна финансиска документација. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот. Вкупно 798 наставници се стекнаа со вештини за препознавање, работа и психолошка поддршка на учениците со дислексија, што претставува 198 наставници повеќе од предвидениот број со проектот. |

| 11. Име на здружението: **Фондација за одржлив економски развој - Преда Плус, Прилеп** | |
|---|---|
| ПРОЕКТ: Пред-акцелераторска програма за поддршка на стартапи | |
| Висина на грант: 540.000 денари | |
| Цел на проектот | Создавање на пред-акцелераторска програма со едукативни обуки, вмрежување и менторство специјално дизајнирани да им помогнат на граѓаните од Вардарскиот регион да креираат претприемнички дух и капацитети за развој на стартап заедница како двигател на економијата во регионот.<br>Специфични цели на проектот се креирање на пред-акцелераторска програма за развој на стартапи во Вардарскиот регион и зајакнување на претприемачките капацитети, знаење и потенцијал на граѓаните во Вардарски регион и да основаат и да водат бизнис. |
| Активности | 1. Подготвителна фаза<br>1.1. Работилница за пренос на искуства<br>1.2. Работилница за креирање на акцелераторска програма<br>1.3. Креирање на ПР кампања<br>2. Акцелераторска фаза<br>2.1. Повик на идеи за избор на корисници во акцелераторската програма |

| | |
|---|---|
| | 2.2. Евалуација на учесниците - оценувањето на иновативните идеи<br>2.3. Менторска програма за дефинирање на бизнис идеја<br>2.4. Едукативни курсеви<br>3. Активности за вмрежување<br>3.1. Панел дискусии<br>3.2. Демо ден |
| Резултати | - Креирана пред- акцелераторска програма за потребите на Вардарскиот регион<br>- Креирана ПР кампања за промоција на акцелераторска програма<br>- Креиран повик за селекција на идеи во пред- акцелераторска програма и комуницирaн со јавност<br>- Избрани 20 учесници за пред- акцелераторска програма<br>- Реализирана менторска и тренинг програма со 20 учесници на пред-акцелераторска програма<br>- Реализирани активности за вмрежување<br>- Презентирани бизнис идеи на Демо Ден |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапувања од планираните активности. Во согласност со препораките на Владата за спречување на ширење на Коронавирусот COVID-19, настанот Демо ден е организиран онлајн, со соодветни измени во буџетската линија 2.Патни трошоци/Хотелско сместување и 3.Опрема. |
| Времетраење на проектот | 18.10.2019 – 18.6.2020 година |
| Буџет | - Вработени ..............................100.000<br>- Патни трошоци .......................40.000<br>- Опрема ....................................15.000<br>- Канцелариски материјал ..........17.000<br>- Други директни трошоци ........12.000<br>- Индиректни трошоци ......................0<br>- Специфични трошоци ............356.000<br>- Вкупно ...................................540.000 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Да, доставена е детална финансиска документација, класифицирана по активности и по буџетски линии. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот, да се надградат постојните потенцијали на Вардарскиот регион и човечките ресурси, преку едуцирани граѓани во областа на претприемништвото, влегување на пазарот на трудот и подобрување на економијата на регионот. Постои веројатност Комитетот за одобрување на инвестиции на X Фактор Акцелератор да донесе одлука за инвестирање во минимум една бизнис идеја од групата на учесници, а постои со можност за преговори со уште 2 до 3 бизнис тимови. Промоцијата на овие резултати ќе претставува дополнителен стимул за младите од регионот, се повеќе да размислуваат за претприемачки иницијативи и стартување сопствени бизниси како двигатели на регионалниот економски развој. |

| | |
|---|---|
| 12. Име на здружението: **Здружение за умножување на слободни содржини Споделено знаење, Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Образование преку Википедија | |
| Висина на грант: 571.319 денари | |
| Цел на проектот | Зголемување на нивото на општото знаење и вештини на учесниците преку воведување на википедиините проекти како неформален облик на стекнување знаење за цел унапредување на образованието и зголемување |


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генералниот секретаријат

| | |
|---|---|
| | на обемот на слободни содржини. |
| Активности | - Образовна програма: Википедија во вашето училиште (предавање „Вовед во Википедија“ и „Создавање на статии“ во ОУ Круме Кепески Скопје и „Вовед во Википедија“ во ОУ Гоце Делчев Неготино, посета на Градскиот музеј во Неготино)<br>- Вики експерименти (снимени 19 експерименти на ПМФ-Катедра по Хемија)<br>- Вики клуб (одржани три работилници „Вовед во Википедија“, две на ФИНКИ и една на ПМФ-Катедра по Физика) |
| Резултати | - Одржани предавања во ОУ Круме Кепески Скопје со вкупно 19 ученици и создадени вкупно 19 статии<br>- Одржано предавање во ОУ Гоце Делчев Неготино и посета на Градскиот музеј во Неготино, вкупно 37 учесници, 18 создадени статии и 50 фотографии<br>- Одржани работилници на ПМФ – Катедра по физика и ВикиКлуб ФИНКИ, вкупно 23 учесници и создадени вкупно 35 статии<br>- Извршено е снимање на експерименти од областа на хемија во две фази на ПМФ – Катедра по хемија, со вкупно 3 учесници и 19 снимени експерименти<br>- Завршени се 4 Вики Тури во Велес, Кратово, Кавадарци и Гевгелија со вкупно 32 учесници, 62 создадени статии и 108 фотографии |
| Отстапување од планираните активности | Поради пандемијата со Ковид-19, дел од активностите не се целосно реализирани, и тоа:<br>Активност 1: активноста е спроведена во две од планирани три училишта (ОУ Круме Кепески и ОУ Гоце Делчев – Неготино). Во гимназијата „Јосип Броз Тито“ не било дозволено одржување на работилниците.<br>Активноста 2: Наместо одржување на Вики Камп организирани биле четири Вики Тури во Велес, Кратово, Кавадарци и Гевгелија, каде учесниците правеле фотографии во природата, за да ги прикачат на Викимедиината ризница и да создадат статија.<br>Активност 4: од планирани шест реализирани се три предавања, две за ВикиКлубот на ФИНКИ и едно на ПМФ-Катедра за Физика. |
| Времетраење на проектот | 21.10.2019 – 15.11.2020 година |
| Буџет | - Вработени ................................240.261<br>- Патни трошоци ......................... 29.563<br>- Опрема ..................................... 5.000<br>- Канцелариски материјал .................. 0<br>- Други директни трошоци ..........21.257<br>- Индиректни трошоци ...................600<br>- Специфични трошоци ..............52.238<br>- Вкупно ...................................348.919<br>Неискористените средства во висина од 222.400 денари се вратени во Буџетот на Република Северна Македонија, со налог за извршена уплата на 22.12.2020 година. |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | При спроведување на проектот извршена е пренамена на дел од средствата во рамките на буџетските ставки, без претходно известување и одобрување на промените. Според доставениот завршен извештај, потрошени се 61% од доделената финансиска поддршка (348.919 денари од доделените 571.319 денари). Активностите Вики Тури во Велес, Кратово, Кавадарци и Гевгелија не се предвидени со Договорот за обезбедување на финансиска поддршка бр. 29-28/2 од 18.10.2019 година. |

| | |
|---|---|
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | И покрај пандемијата со Ковид-19, опфатени се добар дел од учесниците планирани со проектот, кои се стекнаа со знаења и работа на Википедиините платформи, создавање на статии и прикачување на фотографии. |

| 13. Име на здружението: **Здружение на ивалидите Шпреса, Скопје** | |
|---|---|
| ПРОЕКТ: Зголемување на образовното ниво на младите лица со попреченост во полето на информатичката технологија | |
| Висина на грант: 569.000 денари | |
| Цел на проектот | Подобрување на компјутерските вештини на 30 лица со попреченост со цел олеснување на нивно вработување |
| Активности | - Контактирање со кандидатите кои се заинтересирани за следење на обуката.<br>- Организирање на средба и селекција на 30 членови од кои ќе се оформат 5 групи од по 6 члена.<br>- Ангажирање на еден едукатор.<br>- Подготвка на програма за обуката која е прилагодена за специфична група на кандидати.<br>- Ангажирање на едукатор кој зборува македонски и албански јазик и има познавања од областа на информатиката.<br>- Обезбедување на транспорт за учесниците на обуката. |
| Резултати | - Обучени 30 лица, поделени во 5 групи од 6 кандидати (почетници и група со напредни учесници).<br>- Одржани се 20 обуки за секоја од групите, вкупно 120 обуки. За повеќето од учесниците дизајнирана е индивидуална програма. |
| Отстапување од планираните активности | Поради пандемијата со Ковид-19, обуките планирани за март и април 2020 година се одложени, а групите се поделени со помал број на учесници. |
| Времетраење на проектот | 01.11.2019 - 31.05.2020 година |
| Буџет | - Вработени .................................380.000<br>- Патни трошоци ...................................0<br>- Опрема .......................................36.000<br>- Канцелариски материјал...............40.000<br>- Други директни трошоци ............41.398<br>- Индиректни трошоци .................71.488<br>- Специфични трошоци..........................0<br>- Вкупно .....................................568.886 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставената документација е нецелосна. Доставен е Договор за закуп на недвижен имот – деловен простор, од кој не може да се утврди предметот на договорот (површина и адреса на имотот што се дава под закуп). Во буџетската линија 5. Други директни трошоци, ставка – Трошоци за комуникација и Интернет и во буџетската линија 6.Индиректни трошоци, ставка – Други индиректни трошоци (струја и вода), вршена е исплата преку сметката на здружението, но доставените сметки се на лично име и на адреса што не е идентична со адресата на здружението и сл. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и | Постигнати се целите на проектот, материјалот за обуките успешно е пренесен на учесниците, а здружението ќе се обиде преку контакти со приватни фирми во Скопје, да се обезбеди вработување на дел од учесниците на обуките. |

| | |
|---|---|
| одржливост на проектот | |

| | |
|---|---|
| 14. Име на здружението: **Институт за евопска политика ЕПИ, Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Партнерство Јустиција - вградување на европските стандарди во правосудниот систем | |
| Висина на грант: 599.138 денари | |
| Цел на проектот | Главната цел на проектот е да се придонесе за враќањето на довербата на граѓаните во македонскиот правосуден сектор преку значително вклучување на граѓанското општество во суштински реформи, преку зајакнување на капацитетите на граѓанските организации и засегнати страни од правосудниот сектор за учество во процесот на реформи во правосудството, преку замена на искуства вклучително и пренесување на најдобрите практики на ЕУ и поддршка и промовирање на суштински дијалог за реформите во правосудниот сектор меѓу граѓанските организации, засегнатите страни и граѓаните преку застапување на јавните политики. |
| Активности | - Пренесување на најдобри практики и размена на искуства од земјите кои пристапуваат во ЕУ (работилница 28-30.11.2019 год.)<br>- Работилница за градење капацитети за стратешко планирање и процесот на преговори за пристапување (4-6.11.2019 год. Методологија стратешко предвидување и мониторинг и евалуација)<br>- Дијалог за јавни политики „Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022“, 11.12.2019 год.<br>- Консултативни состаноци за напредокот на реформите во правосудниот сектор<br>- Консултации и вмрежување<br>- Комуникација и застапување на јавните политики |
| Резултати | - Одржани 2 работилници на кои претставниците на институциите и граѓанските организации ги зајакнаа своите капацитети за стратешко планирање, мониторинг и евалуација на реформите. Дополнително се стекнаа со знаења за процесот на пристапување и реформите во Поглавјето 23.<br>- Изготвена Методологија за стратешко предвидување, мониторинг и оценување на правосудните реформи во форма на прирачник.<br>- Одржан дијалог за јавни политики со 54 претставници на граѓанскиот сектор, Здружението на судии, Здружението на судска администрација, судии, јавни обвинители, претставници од Судскиот совет и Совет на јавни обвинители, Министерство за правда, Врховен суд, Виш управен суд, Управен суд, други институции од правосудниот сектор, како и претставници на Комората на медијатори. Од дијалогот беше подготвен документ за јавни политики со наоди и препораки.<br>- Одржана прес-конференција со 59 споменувања во медиуми. Од настанот е објавен и краток документ за политики на веб сајтот на ЕПИ, како и на МЕРЦ. Документот е преведен на англиски и албански јазик. |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапувања од планираните активности. |
| Времетраење на проектот | 18.10.2019 – 18.06.2020 година |
| Буџет | - Вработени ................................38.208<br>- Патни трошоци ................................0<br>- Опрема ...................................... 8.932 |


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генерален секретаријат

| | |
|---|---|
| | - Канцелариски материјал........... 71.265<br>- Други директни трошоци.................. 0<br>- Индиректни трошоци ........................0<br>- Специфични трошоци .............480.731<br>- Вкупно ....................................599.136<br>Доделените финансиски средства се делумно кофинансирање на проектот „Партнерство Јустиција – враќање на довербата на граѓаните“, финансиран од Европската унија преку ИПА II |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Да, доставена е детална финансиска документација |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот. Главната цел на проектот е остварлива на долгорочен рок и здружението и понатаму ќе работи и ќе придонесува за враќање на довербата на граѓаните во македонскиот правосуден сектор преку значително вклучување на граѓанското општество во суштински реформи, континуиран дијалог со клучните правосудни чинители и граѓанските организиации, пред се Мрежата 23, блупринт групата за правосудство, Коалицијата „Сите за правично судење“ и регионалната мрежа ТЕН „Мисли за Европа“ на која ЕПИ е основач. Одрживоста на проектот се гледа и преку одржаните работилници, каде претставниците на институциите и граѓанските организации ги зајакнаа капацитетите за стратешко планирање, мониторинг и евалуација на реформите, се здобија со знаења за процесот на пристапување и реформите во Поглавјето 23. Институционалната одржливост на проектот се рефлектира преку зајакнување на знаењето на релевантните чинители во правосудството за следење на реформите во правосудството и во Поглавјето 23. |

| 15. Име на здружението: **Здружение Асоцијација за демократска иницијатива АДИ, Гостивар** | |
|---|---|
| ПРОЕКТ: Преку мултикултурни општини градиме едно општество | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Промовирање на принципите на мултикултурализмот и работа кон понатамошен развој на мултикултурно општество, согласно автентичните локални мултикултурни прилики |
| Активности | - Консултативни состаноци во проектните општини<br>- Обука за мултикултурно планирање<br>- Работилници за развој на Годишна програма на КОМЗ-општина Теарце<br>- Работилница за развој на Годишна програма на КОМЗ-општина Врапчиште<br>- Работилница за развој на Годишна програма на КОМЗ-општина Тетово<br>- Тековна поддршка при процесот на подготовка и усвојување на годишните програми на КОМЗ<br>- Промотивни настани |
| Резултати | - Одржани 3 еднодневни работилници за развој на Годишните програми за Комисиите за односи меѓу заедниците (КОМЗ) (Теарце, Врапчиште, Тетово) со учество на 60 учесници во трите вклучени општини.<br>- Донесени се годишни програми за работа на КОМЗ за периодот 2020-2023 во општините Теарце, Врапчиште, Тетово<br>- Преку активностите од проектот, 21 претставник на Советите, Комисиите за односи меѓу заедниците, образовни институции, бизнис заедницата и граѓански здруженија, ги зајакнаа капацитетите на механизмите за заштита и промоција на етничките, јазичните, културните и религиските малцинства. |

| | |
|---|---|
| | - Подготвен информативен промотивен леток на македонски, албански и турски јазик во вкупно 500 примероци. |
| Отстапување од планираните активности | Поради пандемијата со Ковид-19, на барање на корисникот, на 06.04.2020 година потпишан е Анекс кон Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, периодот за спроведување на проектот е продолжен до 30.09.2020 година. Преостанатите две работилници се реализирале успешно, согласно препораките на Владата за организирање на ваков тип на настани. |
| Времетраење на проектот | 18.10.2019 - 30.09.2020 година |
| Буџет | - Вработени .................................146.905<br>- Патни трошоци ...........................16.650<br>- Опрема...............................................0<br>- Канцелариски материјали .............9.170<br>- Други директни трошоци.....................0<br>- Индиректни трошоци..................33.600<br>- Специфични трошоци ...............393.490<br>- Вкупно .....................................599.815 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Да, доставена е детална финансиска документација |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот. Претставници на советите, Комисиите за односи меѓу заедниците (КОМЗ), образовни институции, бизнис заедницата и граѓански организации, вкупно 21, ги зајакнаа капацитетите за механизмите за заштита и промоција на етничките, јазичните, културните и религиските малцинства. Беа одржани 3 еднодневни работилници со 60 учесници од трите вклучени општини и донесени се годишни програми за работа на КОМЗ за периодот 2020-2023 во општините Теарце, Врапчиште и Тетово. Ваквите примери за подготовка на годишната програма за КОМЗ ќе значат обезбедување  ресурсни материјали и за останатите комисии и за нивната работа, како и дефинирање на активности за понатамошен ангажман на граѓанските организации и бизнисите за нивно спроведување. |

| | |
|---|---|
| 16. Име на здружението: **Здружение на граѓани за промовирање и зачувување на културните вредности – Легис, Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Мултикултурните вредности на Охридскиот рамковен договор | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Општа цел на проектот е преку промовирање на вредностите и придобивките на Охридскиот рамковен договор да придонесе кон изградба на култура на почитување на човекови права.<br>Проектот ги има следните посебни цели: да ја запознае јавноста со придобивките од Охридскиот рамковен договор; да ја промовира културната различност како една од најголемите вредности на современите демократски општества; промовира зголемено младинско учество во адресирањето на проблеми од заедничка грижа и креирањето на политиките на локално и национално ниво; промовира современи методи на неформално образование со млади луѓе. |
| Активности | Одржани се три дводневни работилници со лаборатории на идени во Скопје, Тетово и Струга, со учество на 60 млади луѓе од сите осум плански региони. Помогнати од тим на обучувачи преку активности на критичко размислување и колаборативно учење, младите луѓе ги анализираа вредностите и придобивките на Охридскиот рамковен договор, а лабораториите на идеи им овозможија преку работа во мултиетнички |

| | |
|---|---|
| | тимови да развијат идеи за локални активности кои ќе промовираат културна различност и придобивките од мултиетничко општество. Развиени се девет идеи од кои повеќето се искористени за кампањата за подигнување на свеста, реализирана преку социјалните медиуми, следена од 40.000 лица. |
| Резултати | Одржани 3 дводневни работилници со лаборатории на идеи (Скопје, Тетово, Струга) со учество на 60 млади луѓе, кои се стекнаа со напредни вештини за критичко размислување и кои беа обучени и инспирирани да се вклучат во промовирање на вредностите и придобивките на Охридскиот Рамковен договор. Работејќи во мали, етнички мешани групи, тие развија вкупно 9 идеи за потребите на кампањата за подигање на свеста кај младите луѓе за изградба на инклузивно и поправично општество.<br>Кампањата за подигање на свеста е реализирана преку социјални медиуми и пораките на младите учесници допреа до повеќе од 40.000 лица. |
| Отстапување од планираните активности | Нема |
| Времетраење на проектот | 7 месеци |
| Буџет | - Вработени.................................. 177.778<br>- Патни трошоци............................ 20.000<br>- Опрема............................................. 0<br>- Канцелариски материјал.................... 0<br>- Други директни трошоци.............. 1.222<br>- Индиректни трошоци.................. 42.000<br>- Специфични трошоци................352.358<br>- Вкупно......................................593.358<br>Неискористените средства во висина од 6.642 денари се вратени во Буџетот на Република Северна Македонија, со налог за извршена уплата на 23.12.2020 година. |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Да, но структурата на реализираните трошоци по буџетски линии и ставки во Финансискиот извештај не соодветствува со структурата на реализирани трошоци според доставени фактури и банкарски изводи. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот, преку промовирање на вредностите и придобивките на Охридскиот Рамковен договор да придонесе кон изградба на култура на почитување на човековите права. Успешно се промовирани современите методи на неформално образование со мали луѓе и зголемено е младинското учество во адресирање на проблеми од грижа и интерес на младите (родова еднаквост, спречување на дискриминација и стигматизација, искоренување на насилството, сузбивање на предрасудите и говорот на омраза, потребата од интензивирање на комуникацијата и интеракцијата помеѓу припадниците на различните заедници итн.). |

| | |
|---|---|
| 17. Име на здружението: **Здружение за млади и култура Креативни и активни, Струга** | |
| ПРОЕКТ: Милиони гласови за една цел – СоЖиВот | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Главната цел на проектот е да се придонесе кон подобрување на односите меѓу заедниците во југозападниот дел на земјата (општина Струга, Кичево и Дебар) од урбана и од руралната средина, преку зајакнување на соработката и дијалогот помеѓу сите етничките групи и примери на соживот. |
| Активности | - Креирање Советодавен одбор (одржани 8 состаноци и изработен Акционен план за прослава на културната разновидност) |

| | |
|---|---|
| | - Работилници за разновидноста на користење и потреба на википедија и социјалните мрежи (3 работилници на тема социјални мрежи и новинарство и 3 работилници на тема Википедија)<br>- Мурали на разновидност и толеранција (изработени 3 мурали во Струга, Дебар и Кичево)<br>- Отворени денови со граѓаните (електронска платформа) |
| Резултати | - Креиран Советодавен одбор, одржани 8 состаноци и изработен Акционен план за прослава на културната разновидност<br>- Одржани Работилници за разновидноста на користење и потреба на Википедија и социјалните мрежи (3 работилници на тема социјални мрежи и новинарство со 48 ученици и 3 работилници на тема Википедија, со 46 ученици)<br>- Реализирано студиско патување во Скопје, со посета на Националната телевизија Алсат М и весникот Коха, оддел за онлине информации (вклучени 18 млади)<br>- Потпишани Меморандуми за соработка со средните училишта „Нико Нестор“ и „д-р Ибрахим Темо“ од Струга<br>- 3 јавни презентации на проектот во 3 града во југозападниот регион, со вкупно 79 присутни ученици<br>- Изработени 3 мурали за разновидност и толеранција во Струга, Дебар и Кичево, со 8 одржани состаноци<br>- Реализирани отворени денови со граѓаните преку електронска платформа (2,819 посети)<br>- Изработен и објавен електронски прашалник (опфатени 85 лица)<br>- Изготвен видео запис со 16 најкреативни идеи/предлози |
| Отстапување од планираните активности | Активноста „Отворени денови со граѓаните” планирана за првиот квартал е одложена и реализирана во вториот квартал 2020, преку онлајн платформа, во согласност со мерките за спречување на внесување и ширење на коронавирусот Ковид–19. Од истите причини, активноста „Мурали на разновидност и толеранција“ се реализира во период мај – јуни 2020 без присуство на волонтери и млади. |
| Времетраење на проектот | 20.10.2019 - 20.06.2020 година |
| Буџет | - Вработени ................................ 176.686<br>- Патни трошоци ..............................9.000<br>- Опрема............................................... 0<br>- Канцелариски материјали..... .........8.505<br>- Други директни трошоци..............32.435<br>- Индиректни трошоци................. 172.000<br>- Специфични трошоци ................201.441<br>- Вкупно .......................................600.067<br>Отстапувањето од 67 денар е на трошок на корисникот |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Да, трошоците во финансискиот извештај се во границите на одобрениот вкупен буџет, но извештајот содржи аритметички грешки и има мали отстапувања во однос на одобрените средства по буџетски ставки. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот. 367 млади и граѓани се директно вклучени, а 3.528 лица се инфомирани за проектните активности, потпишани се Меморандуми за соработка со две средни училишта во Струга. По серијата работилници и другите активности учесниците ќе продолжат да се среќаваат преку училишни активности,програми за соживот на заедницата и младински можности, кои ќе работат како мрежа |

| | |
|---|---|
| | за поддршка еден на друг, како и врснички едукатори со континуирана поддршка од здружението. |

| 18. Име на здружението: **Здружение ДРИТА АГВ, Гостивар** | |
|---|---|
| ПРОЕКТ: Заедно ги водиме младите во иднина на здрави животни навики | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Градење на доверба помеѓу различните етнички заедници преку обезбедена поддршка за млади лидери од Северна Македонија и нивно оспособување преку промоција на здрави животни стилови и младинско учество во процесите за донесување одлуки на локално ниво. |
| Активности | Подготвителни активности:<br>- Одржување на прва подготвителна средба на организациите-спроведувачи на проектот во Источниот плански регион<br>- Спроведување на процес за селекција на волонтери со објавување на оглас<br>- Избор на обучувачи за кампот за млади лидери преку објавување на оглас<br>- Подготовка на програма и материјали за камп за млади лидери<br>- Објавување на оглас за избор на учесници на камп за млади лидери<br>- Набавка на потребни материјали и избор на локација за одржување на кампот за млади лидери<br>Имплементација:<br>- Одржување на втора средба на организациите-спроведувачи во Полошкиот регион, Гостивар за селекција на тимовите лидери<br>- Одржување на камп за лидери: 22-25 млади лидери (8-те тимови) и 1-2 обучувачи и 3-4 претставници од организациите-спроведувачи<br>- Обезбедување на поддршка за тимовите лидери<br>- Објавување на оглас за поддршка на проекти за мини кампањи за промоција на здрави животни стилови меѓу младите и избор најдобрите 3 проекти кои ќе бидат финансирани<br>- Спроведување на мини кампањи за промоција на здрави животни стилови меѓу младите во 3 општини<br>Завршна фаза:<br>- Одржување на трета средба на организациите-спроведувачи за евалуација и подготовка на извештаи<br>- Завршна прес конференција |
| Резултати | - Формирани 6 лидерски тимови од млади од различни етнички заедници кои живеат во 12 општини<br>- Зајакнати капацитетите на 25 млади лидери за организирање на младите во локалните заедници и градење на довербата меѓу различните етнички групи |
| Отстапување од планираните активности | Не е наведено |
| Времетраење на проектот | 1.11.2019 - 30.04.2020 година |
| Буџет | - Вработени ................................. 144.444<br>- Патни трошоци ........................... 72.000<br>- Опрема............................................... 0<br>- Канцелариски материјали ........... 25.000<br>- Други директни трошоци............. 16.556<br>- Индиректни трошоци.......................... 0 |

| | |
|---|---|
| | - Специфични трошоци ............... 342.000<br>- Вкупно .......................................600.000 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Да, трошоците во финансискиот извештај се во границите на одобрениот вкупен буџет, но финансиската документација за извршени плаќања, во најголем дел, е од ноември 2019 год. (за консултантски услуги, подготовка и испорака на обуки, логистика, конференции, семинари и сл.) што упатува на заклучок дека плаќањето е извршено однапред, односно пред спроведување на активностите и испорачување на услугите. Извештајот не содржи детален опис на спроведените активности, не се доставени листи на учесници, а дел од фотодокументацијата не соодветствува на временската рамка на активностите. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | И во иднина здружението ќе работи на влијание и поддршка на младите за практикување здрави животни стилови и навики. |

| | |
|---|---|
| 19. Име на здружението: **Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој ЦеПроСАРД, Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Чиста енергија за чист воздух | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Главната цел на проектот е Скопскиот Плански Регион (СПР) да се развие на одржлив начин со примена на најдобрите практики за зачувување на животната средина со фокус на намалување на аерозагадувањето, преку развивање на одржливи практики за спроведување на енергетска ефикасност на објекти и користењето на чиста енергија и обновливи извори на енергија да придонесе за создавање на квалитетна и здрава животна околина за идните генерации. |
| Активности | - Формирање на тим за реализација на проектот<br>- Спроведување на Тркалезна маса „Состојби, предизвици и перспективи за решавање на проблемите со аерозагадувањето во СПР - Предлози"<br>- Изработката на Водич „Чиста енергија за чист воздух" Отворени денови со граѓаните<br>- Спроведување на настава со часови за намалување на аерозагадувањето преку подобрување на ЕЕ и користење на ОИЕ во три средни училиштата во СПР.<br>- Спроведување на кампања „Чиста енергија за чист воздух" со користење на инструментите на дигиталниот маркетинг<br>- Организација на завршен настан |
| Резултати | - Одржана Тркалезна маса „Состојби, предизвици и перспективи за решавање на проблемите со аерозагадувањето во Скопскиот плански регион" (16.1.2020 год.) со 34 учесници и прес за настанот, над 20 публикувани објави на ТВ, веб сајтови на медиуми, портали<br>- Објавен водич „Чиста енергија за чист воздух"(100 примероци на македонски јазик и 50 примероци на албански јазик)<br>- Одржани три дигитални интерактивни часови за намалување на аерозагадувањето, заедно со предметните наставници, во три средни училишта во Скопје: „Шаип Јусуф", „Здравко Цветковски" и „Михајло Пупин", изработена презентација и видео материјал за намалување на аерозагадувањето |

| | |
|---|---|
| Отстапување од планираните активности | Поради пандемијата со Ковид-19, дел од активностите се реализирани со одредена модификација и мало задоцнување, но, во рамки на договорениот временски период и без импликации на планираните резултати на проектот. |
| Времетраење на проектот | 18.10.2019 - 20.06.2020 година |
| Буџет | - Вработени ............................... 297.576<br>- Патни трошоци ........................... 1.700<br>- Опрема............................................. 0<br>- Канцелариски материјали ........... 1.976<br>- Други директни трошоци............. 4.000<br>- Индиректни трошоци.................. 18.020<br>- Специфични трошоци ............. 309.401<br>- Вкупно ......................................632.673 (32.673 денари се учество на корисникот) |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Да, трошоците во финансискиот извештај се во границите на одобрениот вкупен буџет. Доставена е детална финансиска документација, класифицирана по активности и по буџетски линии. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот. Со потпишувањето на Меморандумите за соработка, се развија идеи и можности за пренос на активностите и во другите средни училишта на територијата на Скопскиот Плански Регион, како и во останатите 7 плански региони во државата. Со вмрежување на чинителите се отворија можности за соработка помеѓу бизнис секторот кој работи во доменот на иновативни продукти за заштита на животната средина (амбиенталниот воздух) и локалната самоуправа, со цел изнаоѓање можности и олеснување на достапноста на овие продукти до населението, како и можности за измени на законските и подзаконските акти во иднина, со цел овозможување на одредени бенефити на образовните институции во делот на енергетската ефикасност на објекти. |

| | |
|---|---|
| 20. Име на здружението: **Здружение на граѓани и фондации Дитуриа, Кичево** | |
| ПРОЕКТ: Чиста средина за подобра наша иднина | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Едукација на младите и советување на граѓаните дека треба да ја зачуваме природата не само за нас, но и за другите.<br>Едукација на младото население преку формирање на Еко Клубови во училиштата и акции за чистење на училиштата и собирање на пластика. |
| Активности | - Посети на училиштата<br>- Формирање на Еко Клубови во училиштата<br>- Конкурс за обработка на фигури од фрлената пластика<br>- Емисии на ТВ на заштита на средината<br>- Кампања за чиста средина на ТВ<br>- Работилници во училиштата<br>- Изработка и дистрибуција на флаери<br>- Објавување на победниците на Конкурсот во Домот на култура Кочо Рацин со ликовна колонија за здрава средина. |
| Резултати | - Изработен ТВ спот кој се емитуваше 4 месеци, 6 пати на ден (ТВ Гурра Кичево)<br>- Емитувани две емисии „Чиста средина за подобра наша иднина“, со прашања од граѓаните што да се направи за намалување на аерозагадувањето<br>- Формирани се Еко Клубови во 11 училишта |

| | |
|---|---|
| | - Изработени се и дистрибуирани 3000 флаери на три јазици<br>- Објавен е Конкурс за изработка на слики од природата и макети од рециклирачки материјали, на кој учествуваа 50 учесници, на 28.2.2020 год. во галеријата на Домот на култура Кочо Рацин се презентирани и наградени најдобро изработени дела |
| Отстапување од планираните активности | Нема |
| Времетраење на проектот | 25.11.2019 - 28.02.2020 година |
| Буџет | - Вработени ..............................190.800<br>- Патни трошоци ........................50.000<br>- Опрема.......................................... 0<br>- Канцелариски материјал ...........2.500<br>- Други директни трошоци.................0<br>- Индиректни трошоци...................... 0<br>- Специфични трошоци ...........356.700<br>- Вкупно ..................................600.000 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Да, трошоците во финансискиот извештај се во границите на одобрениот вкупен буџет, но има отстапување во однос на одобрените средства по буџетски линии. Во завршниот извештај корисникот како период на спроведување на проектот навел од 25.11.2019 до 28.2.2020 год. Финансиската документација за извршени плаќања, во најголем дел, е од ноември 2019 (договори за дело и извршени исплати на 4.11.2019 год., фактури и извршена исплата на ТВ Гурра Кичево на 6, односно 8.11.2019 год. и сл.) што упатува на заклучок дека плаќањето е извршено однапред, односно пред спроведување на активностите и испорачување на услугите. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Проектот ја постигнал целта на информирање и едукација на младите и советување на граѓаните за потребата од зачувување на природата. |

Завршните извештаи здруженијата, корисници на финансиска поддршка за горенаведените проекти, се дадени во прилог и се составен дел на овој Извештај.